**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за**

**Техничка помош за следење на имплементација на развој на Софтвер за Централно координативно тело за проценка на лица со попреченост (CDCCU) и Регистар на лица со попреченост**

**(реф.бр. MK/SIAP # 2.1.10)**

**Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП)**
**Кредит Бр: 9036 –МК**

**Консултантски услуги - Консултантска компанија**

Оваа покана за изразување на интерес е во согласност со општата објава за набавки на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП) , публикувана во „UN Development Businesas" во електронска верзија на 18.03.2020 година.

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Меѓународната банка за обнова и развој за потребите за реализација на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП). Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот бр. MK/SIAP #2.1.10 што ќе се склучи со компанија/компании за "Техничка помош за следење на имплементација на развој на Софтвер за Централно координативно тело за проценка на лица со попреченост (CDCCU) и Регистар на лица со попреченост".
Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството: www.mtsp.gov.mk (http://www.mtsp.gov.mk/siap-proekt-za-administriranje-na-socijalnoto-osiguruvanje.nspx)
Компанијата треба да ги поседува следниве квалификации (критериуми за селекција на компании на кратка листа) :

- Треба да има искуство во најмалку еден (1) проект во јавниот сектор на национално ниво во последните пет (5) години;
- Треба да има договор за најмалку еден (1) проект за следење/или развој или одржување на софтвер во јавниот сектор (во вредност од најмалку 80.000 евра) во последните пет (5) години (како главен имплементатор или како главен партнер во заедничко вложување). Договор за следење/или развој на социјални/медицински софтверски решенија ќе се смета за предност;
- Треба да има договор за најмалку еден (1) сличен проект за следење/или миграција на податоци од постоечки системи во последните пет (5) години (како главен имплементатор или како главен партнер во заедничко вложување). Договор за следење/или миграција на лични податоци или социјални/медицински податоци ќе се смета за предност;

- Треба да има поседува најмалку ISO:9001, ISO:27001 и ISO:20001 сертификат.

Министерство за социјална политика, демографија и млади ги повикува сите заинтересирани компании (консултанти) да изразат интерес за овој ангажман. Заинтересираните компании треба да достават информации со кои ќе прикажат дека имаат потребни квалификации и искуство за вршење на бараните услуги (портфолио на фирмата, брошури, описи на слични проекти (име на проектот, опис, времетраење, износ на договорот, референца); и др). Кратки биографии од предложен тим на експерти од страна на компаниите нема да бидат предмет на евалуација во оваа фаза за избор на компании на кратката листа.

**Консултантските компании можат здружено да аплицираат со цел да ги зголемат своите квалификации**. "Здружувањето" може да биде во форма на **заедничко вложување (Joint Venture)** или во форма на под-договарач. Во случај на заедничко вложување, при воспоставувањето на кратката листа на квалификувани консултанти, **квалификациите на сите партнери ќе бидат евалуирани здружено** и сите партнери од вложувањето заеднички и индивидуално ќе одговараат за извршувањето на договорот, кој ќе биде потпишан од сите партнери на заедничкото вложување. **Квалификациите на под-договарачот не се зимаат во предвид**. Во апликацијата заинтересираните консултанти јасно треба да го наведат видот на нивното здружување и обврските на партнерите и под-договарачите. Нејасните апликации - изрази на интерес во вид на "во соработка со" и/или "поврзан со" и др. можат да не бидат земени во предвид при воспоставувањето на кратката листа.

Водејќи се од принципот еден израз на интерес по компанија, консултантските компании можат да изберат дали ќе аплицираат како како под-договарач, како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Ве молиме да имате во предвид дека во иста набавна постапка една компанија може да достави само еден израз на интерес било како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување. Една компанија не може да биде под-договарач и да настапува индивидуално или како партнер во заедничко вложување во иста набавна постапка. Доколку компанијата настапува како под-договарач на индивидуален консултант или на заедничко вложување, истата може да биде под-договарач на повеќе од еден апликант.

Методот за избор е "Избор базиран на квалификациите на консултантот" согласно "Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година и август 2018 година", достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП), од 08.30 до 16.30 часот, на е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk.

Изразите на интерес треба да бидат доставени по електронска пошта на следнава адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

**Документите со кои се изразува интерес (на македонски или англиски јазик) мора да бидат доставени најдоцна до 03.12.2024 година, до 16 часот.**